# ОД ПРОМОЦИЈАТА НА ТЕРМИНОЛОШКИОТ РЕЧНИК *ФИЛОЗОФИЈА* ВО ИЗДАНИЕ НА ЛЕКСИКОГРАФСКИОТ ЦЕНТАР „ГЕОРГИ СТАРДЕЛОВ“ при МАНУ

На 14 јуни 2023 година во просториите на МАНУ беше одржана промоција на Терминолошкиот речник по философија кој произлезе како резултат на макропроектот „Македонска научна и стручна терминологија“. На промоцијата имаа обраќање: акад. Љупчо Коцарев, претседател на МАНУ, акад. Витомир Митевски, раководител на Макропроектот и подготвувачите на Речникот, проф. д-р Ана Димишковска и проф. д-р Иван Џепаровски. Материјалот што следува ги донесува нивните излагања.